РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА
Воена пошта 2803/40
Број 24-13/43
08.06.2023 година
Скопје

Архивски знак: 2413
Рок на чување: 5 години
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Скопје-Shkup
09-06-2023

Примерок или Копија бр.: 1
Страници вкупно: 1+3

До СКАОП /МО

**Предмет:** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за исхрана на припадниците на Армијата на Република Македонија, доставува,-

**Врска:** Правилник број 01-1629/1 од 20.04.2023 година

Во прилог на актот ви доставуваме Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за исхрана на припадниците на Армијата на Република Македонија бр. 01-1629/1 од 20.04.2023 година, со цел да биде објавен на официјалната веб страна на МО.

Изработил: потполковник Васе Мојсоска
Контролирал: потполковник Дејан Димоски
Одобрил: полковник Ирена Минева

**ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА**
**ДИРЕКТОР**
бригаден генерал
Симеон Трајковски
за

Прилог: Правилник број 01-1629/1 од 20.04.2023 година

Доставено до:
-СКАОП/МО (копија бр.1),
-ВП 2803/01, 03,13 Скопје (копија бр.2 - 4),
-Архива (примерок бр.1)

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 20 став 1 точка 46) од Законот за одбрана („ Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за исхрана на припадници на Армијата на Република Македонија

### Член 1

Во Правилникот за исхрана на припадници на Армијата на Република Северна Македонија бр. 01-446/1 од 16.01.2015 година и бр. 01-7732/1 од 23.12.2021 година, насловот на правилникот, се менува и гласи: „Правилник за исхрана на вработените во Министерството за одбрана и припадниците на Армијата на Република Северна Македонија".

### Член 2

Во целиот текст на правилникот, зборовите: „Армијата на Република Македонија" и „Армијата на РМ " се заменуваат со зборовите: „Армијата на Република Северна Македонија".

### Член 3

Во целиот текст на правилникот зборовите: „Република Македонија", се заменуваат со зборовите: „ Република Северна Македонија".

### Член 4

Во член 1 став 1, по зборовите: „организирање на исхрана на", се додаваат зборовите: „вработените во Министерството за одбрана и".

Во член 1 став 3, во воведната реченица зборовите: „Во Армијата", се бришат.

Во член 1 став 3, во точката з), по зборовите „(во натамошниот текст МО)", се става точка, а зборовите „кои по било кој основ остваруваат активности во рамките на Армијата", се бришат.

Член 5

Во член 2, зборовите: „во Армијата“, се заменуваат со зборовите: „за потребите на вработените во Министерството за одбрана и припадниците на Армијата“.

Член 6

Во член 5 став (5), по зборот „гарнизонот“ се додаваат зборовите „и Раководителите на организациските единици во Министерството за одбрана”.

Член 7

Во член 8 став 1 по зборовите: „за потребите на“, се додаваат зборовите: „вработените во Министерството за одбрана и“.

Член 8

Во член 42 во воведната реченица зборовите: „Во Армијата“, се заменуваат со зборовите: „За потребите на вработените во Министерството за одбрана и припадниците на Армијата“.

Во член 42 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„-дневен обед/ручек (готвен или сув обед)”.

Член 9

Во членовите 50, 51, 52, 53, 55 и 61 став 1 точка 8. зборовите: „припадниците на единиците за специјални операции, воената полиција, летачкиот персонал на воздухоплови и припадниците на единиците за специјална намена” се заменуваат со зборовите:„припадниците на единиците за специјални сили, извидувачко разузнавачкиот баталјон, воената полиција, летачкиот персонал на воздухоплови и специјалисти летачи”.

Член 10

Во членот 55 се додава нов член 55-а, кој гласи:

„По исклучок од членот 55 на овој правилник, кога обедот/ручекот е организиран и подготвен од специјализира фирма, истиот ќе го замени приготвениот обед од готвениот полуоброк”.

Член 11

Во член 61, по точката 8. се додаваат две нови точки 9 и 10, кои гласат:

„9. Сите лица од член 1, став 3 точки в), ж) и з), во текот на работното време, кога ќе се обезбедат услови за подготовка и поделба од страна на специјализирана фирма.

10. Организацијата на бесплатна исхрана во организациските единици на Министерството за одбрана, во гарнизоните каде нема единици на Армијата, се регулира со склучување на посебни договори со соодветни правни лица од местото каде истите се лоцирани."

Член 12

Овој правилник влегува во сила на денот на донесувањето.

Бр. 01-1629/1
20-04-2023 2023
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска

Изработил: потполковник Васе Мојсоска
Согласен: полковник Ирена Минева
Одобрил: Владимир Анчев